РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 18-10-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 - 122

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

***Со кои проекти Општина Битола аплицираше на повикот од Влада за доделување на финансиски средства од унгарскиот кредит за општините, колку од проектите се одобрени а колку одбиени и колкава е сумата на одобрени средства за Општина Битола по проекти и вкупната бројка на одобрени средства?***

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 17.10.2024 година**

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Венцо Шишкин

Бр.11-122/2
18.10.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-122/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил: [signature]
18.10.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

**Бр. 40 – 159/4**
**18.10.2024 год**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22-10- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредн |
| 11 | 122/3 | | |

**До**

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од јавен карактер

**ПРЕДМЕТ:** Писмена информација – одговор

Почитувани,

Во врска со барањето бр. 11-122/2 од 18.10.2024год. за пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме дека на Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините и финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА – Инфраструктурни проекти во општините од страна на Министерство за локална самоуправа, **Општина Битола аплицираше со следните 16 проекти:**

| 1 | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ | Одобрени финансиски средства од МЛС | Финансиски средства со кофинансирање од страна на Општина Битола |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Реконструкција на коловоз улиците: 11 Март и П.Николов, Козара, Чеде Филиповски Даме | **13.156.081,00** | |
| 1.2 | Основен проект за изградба на линиска инфраструктурна градба - Доградба на локален пат за с. Буково (Л=600м ,од стац. 500 до стац. 1100) Оштина Битола | **10.175.089,00** | **9.536.853,00** |
| 1.3 | Изградба на линиска инфраструктурна градба согласно ДУП за АРМ Четврт 1 „Изградба коловоз на улици и паркинзи во АРМ Четврт 1 (улица СтУ3)" | **19.627.446,00** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.4 | Реконструкција на коловоз на Булевар „1ви"Мај во Битола - Јужна страна на р. Драгор од спој со улица „Добривое Радосављевиќ" до спој со улица „Стив Наумов" | **20.214.255,00** | **16.000.000,00** |
| 1.5 | Реконструкција на коловоз на локален пат за с. Магарево (од трансформатор во с.Трново до Граница со Национален парк Пелистер) (Последна Фаза до НП Пелистер) | **15.452.021,00** | |
| 1.6 | Изградба на коловоз на улици од ДУП за БЛР 4дел и ДУП БЛР 4 дел Блок 2, Битола 150та, 170та, 210та | **14.225.336,00** | |
| 1.7 | Реконструкција на коловоз на улица Панде Кајзерот со Л=380м | **5.385.770,00** | |
| **2** | **ОБЈЕКТИ ОД ВИСОКОГРАДБА** | **Одобрени финансиски средства од МЛС** | **Финансиски средства со кофинансирање од страна на Општина Битола** |
| 2.1 | Изградба на објект со намена Д-3 спорт и рекреација по предходно рушење на постоечки објект во м.в. „Стадион Градски парк" на КП 17579/4 КО Битола | **43.283.097,00** | |
| 2.2 | Проект за употреба и одржување на Јужна трибина на фудбалски стадион „Петар Милошевски" во Битола | **26.613.269,00** | **20.000.000,00** |
| 2.3 | Реконструкција на фасада на ОУ „Стив Наумов“ - Битола | **7.681.331,00** | |
| **3** | **ФЕКАЛНА И АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА** | **Одобрени финансиски средства од МЛС** | **Финансиски средства со кофинансирање од страна на Општина Битола** |
| 3.1 | Изградба на линиска инфраструктурна градба согласно ДУП за АРМ Четврт 1 „Изградба на фекална и атмосверска канализациона мрежа во АРМ Четврт 1 (со приклучоци)" „улица СтУ3" | **7.469.131,00** | |
| 3.2 | Изградба на фекална и атмосверска канализациона линија на улици од ДУП | **9.810.226,00** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за БЛР4 дел и ДУП БЛР 4 дел Блок 2: 150та, 170та, 210та | | |
| 3.3 | Реконструкција на мешовита канализациона мрежа на улица Панде Кајзерот | **3.249.089,00** | |
| **4** | **ВОДОВОД** | **Одобрени финансиски средства од МЛС** | **Финансиски средства со кофинансирање од страна на Општина Битола** |
| 4.1 | Реконструкција на водоводна линија на потегот Битола - с. Поешево - с. Логоарди Општина Битола | **29.349.605,00** | |
| **5** | **УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **Одобрени финансиски средства од МЛС** | **Финансиски средства со кофинансирање од страна на Општина Битола** |
| 5.1 | Реконструкција на улично осветлување на улиците: 11 Март и П.Николов | **1.649.853,00** | |
| 5.2 | Изградба на линиска инфраструктурна градба согласно ДУП за АРМ Четврт 1 „ОП за осветлување и ниско напонска кабловска ел. Мрежа наменета само за осветлување на улиците и паркинг просторите во АРМ1 (улица СтУ3) | **3.112.545,00** | |

Од горенаведените проекти кои се аплицирани согласно Јавниот повик од страна на Министерство за локална самоуправа, со вкупна сума од 275.990.997,00 со вклучен ДДВ, **одобрени се сите 16 проекти.**

Владата, по повод укажувањето на м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, а во врска со распределбата на средства – капитални дотации по Јавниот повик, заклучи дека ќе обезбеди средства на секоја општина во висина од 44 евра по жител, согласно бројот на резидентно население од последниот попис. Согласно на оваа Одлука, **на Општина Битола** со свои 85,164 жители според последниот попис од 2021 година **и следуваат 230.453.784 мкд**.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

Во табелата погоре точно се наведени проектите кои се целосно финансирани од страна на Министерство за локална самоуправа и оние кои ќе бидат со кофинансирање од страна на Општина Битола.

Со почит,

Изработил:
**Ангела Србиноска, дги** С.Анѓела
Контролирал:
**Венцо Шишкин, дги**

Секретар на
Општина Битола
**Борче Димитровски**

______________________________

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-122/4
22.10.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **18.10.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-122** од **18.10.2024 година**, каде бара информација со кои проекти Општина Битола аплицираше на повикот од Влада за доделување на финансиски средства од унгарскиот кредит за општините,колку од проектите се одобрени а колку одбиени и колкава е сумата на одобрени средства за Општина Битола по проекти и вкупната бројка на одобрени средства?

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-122 на ден 18.10.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација со кои проекти Општина Битола аплицираше на повикот од Влада за доделување на финансиски средства од унгарскиот кредит за општините,колку од проектите се одобрени а колку одбиени и колкава е сумата на одобрени средства за Општина Битола по проекти и вкупната бројка на одобрени средства.Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-122/1 од 18.10.2024.
2.Допис до Одделение за економски развој со бр. 11-122/2 од 18.10.2024.
3. Одговор од Одделение за економски развој со бр.11-122/3 од 22.10.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 22.10.2024 година, под бр. 11-122/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА БИТОЛА